# ЗАПИСНИК
## од 6–та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 24.02.2021 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска**: Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Весна Симоновска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот Дневен ред објасни дека под Точка 5 ќе има два предлога за запирање на постапки за одземање на дозволата и тоа за: телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА Општина Лабуништа и за радио емитување на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница. Исто така објасни дека Точка Разно ќе се помести за еден број подоле и ќе биде Точка 7, а на нејзино место под Точка 6 ќе биде ставен материјалот кој членовите на Советот го добиле дополнително и ќе гласи - Предлог за давање одобрување за донесување Решение за распоредување на административен службеник/вработен во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог-договор за вработување.

Советот на Агенцијата, со дополнувањето, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.02.2021 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.02.2021 година.
3. Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ИНФЕЛ-КТВ од Охрид за прекршување на чл.141 од ЗАВМУ.

5. Предлози за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување.
6. Предлог за давање одобрување за донесување Решение за распоредување на административен службеник/вработен во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог – договор за вработување.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.02.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.02.2021 година.

Г-дин Фиданоски за корекција предложи 2 технички грешки во делот на неговата дискусија. Двете беа на страна 6 од записникот при што побара зборот „патентот“ да биде ставен во наводници и во продолжение 12-ти ред место „дојадат“ зборот да се коригира во „дојдат“.

Советот на Агенцијата со предложените корекции од г-дин Фиданоски едногласно го усвои Записникот од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.02.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година. Објасни дека во 2020 година вкупните приходи на Агенцијата изнесуваат 111,252,607.00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори: Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 69,581,131.00 денари, приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 29,185,144.00 денари, приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10,190,517.00 денари, приходи од Буџетот на РСМ за изборните процеси во 2020-та година (предвремени парламентарни избори и предвремени локални избори за избор на градоначалници на Општина Штип и Општина Пласница) во износ од 1,734,546.00 денари, приходи од транзитни фактури во износ од 479,587.00 денари, приходи од позитивни курсни разлики во износ од 32.00 денари и други приходи во кои влегуваат и тендерските документации во износ од 81,650.00 денари. Агенцијата од Буџетот заради спроведување на своите обврски согласно Изборниот законик преку Министерството за финансии доби во вкупен износ 5,277,000.00 денари но бидејќи искористи само 1,734,546.00 денари остатокот од 3,539,966.00 денари Агенцијата ги

врати на трезорската сметка на Министерството за финансии во 2021 година. Агенцијата од Буџетот требаше да добие 72 милиони денари, но во декември 2020 година Агенцијата беше известена дека сумата за месец декември ќе биде намалена и ќе изнесува 3,000,000.00 денари. Со тоа во 2020-та година Буџетот на РСМ, односно Министерството за информатичко општество и администрација на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и исплати 69,000,000.00 денари. Во 2020-та година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 479,587.00 денари. Тие се остварени од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација. Најголемите расходи во 2020 година. Вкупно направените расходи во 2020-та година изнесуваат 187,966,581.00 денари. Причината зошто се вака големи расходите е затоа што АВМУ донираше средства за сите 116 радиодифузери, на Министерството за внатрешни работи, на Министерството за здравство заради пандемијата со Ковид 19, а разликата во средства беше обезбедена од заштедените средства односно од пренесени средства од претходните години. Најголема расходна ставка во 2020 година е ставката за помош и донации и се потрошени средства во износ од 99,287,405.00 денари. Ова е сума која е директно уплатена на радиодифузерите, потоа донација за санирање на последиците од земјотресот во Драч, Република Албанија. За таа цел, Агенцијата потпиша договор со Црвен Крст на РСМ за да се префрлат средства во износ од 1,000,000.00 денари и истите Агенцијата ги префрли во јануари 2020 година, потоа за доделување финансиска помош – донација на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица во износ од 3,000,000.00 денари, за санирање на последици од пожар. Бидејќи на 18 радиодифузери во моментот кога беше донесена одлуката во март 2020 година за донација сè уште не им беа издадени фактурите, бидејќи не им беше доспеан рокот за годишниот надомест, Агенцијата потоа им издаде фактури само во износ на висина на ДДВ пресметан врз основа на висината на нивниот годишен надоместок и по овој основ беа средства од 9,329,286.00 денари и ако се додадат на 99,287,405.00 ќе се добие сумата за која Советот донесе Одлука дека ќе ја донира во 2020 година. Останатите трошоци поврзани со тековното работење, ако се исклучат донациите кои што се реализирани во целост од средства пренесени од претходните години, изнесува 88,679,176.00 денари. Сите се во рамките на предвидените износи на усвоениот Финансиски план на АВМУ за 2020 година. Највисока ставка од овие трошоци претставува бруто плата на вработените во износ од 44,691,569.00 денари, за набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема се потрошени средства во износ од 9,438,899.00 денари и надоместоци на членови на Совет на Агенцијата нешто повеќе од 9 милиони денари. Вкупно реализираните расходи во 2020-та година, во однос на вкупно остварените приходи во 2020-та година, се поголеми за 76,713,974.00 денари и ако не се земат предвид средствата што се донирани, ако тие се исклучат, тогаш вкупните приходи се поголеми од остварените расходи во 2020 година за 22,573,038.00 денари или има вишок на средства во 2020 година од 367 илјади евра. Претходната година, 2019 сумата беше околу 440 илјади евра, но во 2019 и 2020 година има намалување на бројот на радиодифузери посебно на национално ниво, 1ТВ престана да работи, ТВ Канал 5 Плус, а исто така и Владата исплати 3,000,000.00 денари, што е 50 илјади евра, и заради тоа се јавува малку помала разлика за тоа колку заштедила Агенцијата во 2020 година. Посочи, доколку членовите на Советот имаат конкретни прашања во однос на завршната сметка тука се раководителите од Секторот

за финансии и логистика Горан Радуновиќ и Весна Симоновска да одговорат на поставените прашања.

Г-дин Петрушевски се заблагодари на прецизното објаснување од директорот. Рече дека оваа година, ако не се смета најавената донација од Владата наменета за медиумите Агенцијата, ќе има повторно намалување на приходите во тој дел, делот што беше радиодифузна такса и реално од медиумите затоа што неколку медиуми се откажаа од своето работење. Се надева дека оваа тенденција со прекинот на пандемијата ќе се забави и дека ќе се доведе државата во нормала. Рече дека нема посебни прашања и отвори дискусија.

Г-дин Фиданоски рече дека нема конкретна дискусија. Г-дин Трајчевски во неговото образложение го навел податокот, но бидејќи не е запишано во наративниот дел од Извештајот, на страна 5 помошта за ТВ ВИС не стои како конкретен износ од 3,000,000.00 денари. Рече дека е испуштен и би требало да се заведе во тој дел, доколку за ова се согласат членовите на Советот и службата.

Г-дин Трајчевски објасни дека во документите и табелите е напишана конкретната сума, но во наративниот дел е изоставена и се согласи да се дополни. Посочи дека во приходите и расходите тоа е наведено.

Советот на Агенцијата со наведената корекција за додавање на сумата за помошта на ТВ ВИС во наративниот дел од 3,000,000.00 денари, едногласно го прифати Извештајот за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година бр.05-668/1 од 23.02.2021 година и донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година.

Согласно член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации, годишната сметка се доставува до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот ИНФЕЛ-КТВ од Охрид за прекршување на чл.141 од ЗААВМУ. Објасни дека при редовен програмски надзор кај овој радиодифузер е констатирано дека неколку странски канали кои ги реемитува не се содржат во потврдата за регистрација издадена од страна на Агенцијата и затоа сега се предлага да му се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи веднаш да престане со реемитување на каналите. Кога ќе се утврди дали за овие канали има договори и не ги доставил во Агенцијата, а ги реемитува или ако нема договори а ги реемитува, тогаш на една од наредните седници ако го повтори прекршокот ќе биде покрената прекршочна и ќе биде известен органот односно Министерството за внатрешни работи.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-649/1 од 22.02.2021 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на операторот ИНФЕЛ-КТВ од Охрид за прекршување на чл.141

од ЗААВМУ, и му наложи веднаш по приемот на решението за изрекување мерка, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

Со надзорот беше констатирано дека Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ОХРИД ДОО, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на целата територија на Република Северна Македонија, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „Tring Family", "Club TV", "Tring Internacional", "Erlodi" "Kanal D Drama" и "Euronews Albania" кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски во врска со предлозите за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување, предложи за двата радиодифузери од страна на директорот или службата да се даде вовед а потоа за секој медиум поединечно да се гласа.

Г-дин Трајчевски објасни дека двата радиодифузери ТВ Спектра и РА Ла Коста во целост го платија надоместокот за дозволата, но бидејќи е покрената постапка за неплаќање, до Советот се предлага да се запре постапката затоа што во утврдениот рок постапиле согласно Законот.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА Општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-108 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-92 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување Решение за распоредување на административен службеник/вработен во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог-договор за вработување. Објасни дека согласно Законот за преземање на административни службеници вработени во Министерството за политички систем и односи со заедниците Агенцијата доби известување дека наведената службеничка треба да биде распределена и вработена во АВМУ. Согласно Законот Агенцијата има обврска да го прифати ова вработување. Бидејќи во Законот беше наведено дека станува збор за распределување на административен службеник, а Агенцијата работи согласно ЗААВМУ односно Законот за работни односи, Агенцијата се обрати до МИОА да даде мислење дали има пречка да се реализира ова прераспределување. МИОА го достави мислењето во текот на вчерашниот ден и затоа е причината што денес се доставува оваа точка. Посочи дека службеничката ќе биде вработена во Агенцијата од 01.03.2021 година и бидејќи до тогаш не се планира седница затоа е ставена по Разно. Ова е специфична состојба бидејќи за вработувањето не е распишан конкурс туку вработувањето ќе биде согласно Законот за преземање административни службеници. Со тоа рече гласањето на Советот и неговиот потпис на еден начин ќе биде формалност заради почитување на правната процедура.

Г-дин Петрушевски рече дека слично тело како Агенцијата е Државната комисија за спречување на корупција и по медиумите имаше пред некое време дека тие за прераспределување добиле 8 административни службеници. ДКСК се исто така независно тело како Агенцијата, формирано од Собранието на РСМ, и тоа му дава некое олеснување дека се во иста состојба како и другите тела. Со тоа лицето кое е распределено ќе се вработи во Агенцијата и се изјасни дека ќе даде поддршка за решението.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Решение за распоредување на административен службеник/вработен во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Договор за вработување со кој ќе се утврдуваат правата, обврските и одговорностите од работниот однос меѓу работодавачот и работникот во согласност со Законот за работните односи и општите акти на работодавачот.

Административниот службеник/вработениот се распоредува на работно место Работник на пријавница во Одделението за општи работи при Секторот за информатичка поддршка и општи работи во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, сметано од 01.03.2021 година.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека се надева дека вработената ќе биде корисна во институцијата и ѝ посака среќа во работата.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-669/7**
**01-03 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**